Process Safety Beacon
Messages for Manufacturing Personnel
www.aiche.org/ccps/process-safety-beacon

An AIChE Technology Alliance
CCPS
Center for Chemical Process Safety
aiche.org/ccps

This issue sponsored by
ioMosaic®
Minimizing risk. Maximizing potential.®
www.iomosaic.com

# Near-miss настаните предвидуваат идни инциденти

January 2026




*Слика1. Триаголник за метрики на CCPS Process Safety Metrics Guide (Верзија 4.1 2022)*

Работник за одржување започнува да одвртува вентил на линија со компримиран воздух. Иако било пријавено дека линијата е ослободена од притисок, сепак имало одреден притисок. Не настанала повреда.

За време на редовна проверка, оператор наоѓа неколку точки за земање примероци со извадени капачиња, но немало испуштање.

Ова се два примери на near-miss настани; некои компании ги нарекуваат и near-hits.

Near miss:

*„Непланиран редослед на настани што можел да предизвика штета или загуба доколку условите биле поинакви или доколку му било дозволено да продолжи, но всушност тоа не се случило.“* (CCPS Поимник)

Повеќето оперативни компании пријавуваат и истражуваат инциденти. Многу компании исто така собираат извештаи за near miss настани. Иако овие се помали настани, тие генерално се сметаат за добар показател за услови што на крајот би можеле да доведат до сериозен инцидент.

Near miss настаните се наоѓаат во Ниво 3 од триаголникот на метрики прикажан на Слика 1. Целосниот Водич за метрики за процесна безбедност на CCPS може да се пристапи на:

https://www.aiche.org/sites/default/files/docs/pages/ccps_process_safety_metrics_-_v4.1.pdf

## Дали знаете?

- Некои други примери на near miss настани се:
  - Утврдување дека оперативната процедура што се користи не е најновата верзија.
  - Процесен инструмент е пронајден во лоша физичка состојба или не е калибриран.
  - Забележување недостасувачки информации или податоци во извештаите од теренските инспекции.
  - Палета со суровини што треба да биде во магацин стои на рампата за истовар неколку дена.
- Near-miss настаните укажуваат на проблеми во еден или повеќе системи за процесна безбедност. Доколку тие не се коригираат, во иднина може да настане посериозен инцидент..
- Near-miss настаните можеби не бараат истрага, но мора да бидат пријавени, евидентирани и анализирани со цел да се откријат потенцијално сериозни трендови..
- Компаниите имаат свои дефиниции за речиси-инциденти и системи за нивно пријавување.
- Не сите near miss настани се случуваат на терен; тие можат да се појават во контролна соба, работилница за одржување или на кое било друго место.
- Активен систем за пријавување на е показател за позитивна култура на процесна безбедност.
- Многу компании спроведуваат редовни прегледи на Near miss настаните со цел да ги идентификуваат областите за подобрување.

## Што можеш да направиш?

- Запознајте се со дефиницијата на вашата компанија за near miss настани и со начинот на нивно пријавување.
- Во вашите секојдневни активности, внимавајте на ситуации што претставуваат near miss. Можеби ги има повеќе отколку што мислите.
- Пријавувајте ги настаните од типот near miss кај вашиот претпоставен.
- За време на безбедносните состаноци, прашувајте што е научено од системот за пријавување.

**Пријавувајте near-miss настани. Поправањето на мали проблеми може да спречи голем инцидент!**

©AIChE 2026. All rights reserved. Reproduction for non-commercial, educational purposes is encouraged. However, reproduction for any commercial purpose without express written consent of AIChE is strictly prohibited. Contact us at ccps_beacon@aiche.org or +1 646-495-1371.